РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1817/4
02-09-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1817/1 од 22.04.2026 година, оформен врз основа на пријава со наводи за сомневање за незаконито постапување и непостапување на надлежни службени лица и инспекциски служби при Општина ------ во однос на правното лице „----------", **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување во пријавениот случај, постапиле други надлежни институции.

Предметот со број 12-1817/1 од 22.04.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставена пријава од познат подносител со наводи за сомневање за незаконито постапување и непостапување на надлежни службени лица и инспекциски служби при Општина ------ во однос на правното лице „--------- лоцирано на ул. „------" бр. 206, Скопје, по што е оформен предмет број 12-1817/1 од 22.04.2026 година.

Во пријавата се наведува за непрописно изведен вентилационен систем и ширење на непријатна миризба, бесправни градежни интервенции, одобрување на Елаборат за заштита на животната средина, како и наводи за евентуално непостапување и одолговлекување на постапките од страна на надлежните служби во врска со ----------" лоцирана на ул "-------" бр. 206, Скопје.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до Општина ------ – Сектор инспекторат.

Во законски утврдениот рок, Општина -------- достави известување бр. -------- од 20.05.2026 година со целокупната документација и податоци за преземените инспекциски дејствија.

Од увидот во доставената документација се утврди дека општинскиот инспектор за животна средина постапувал по пријави на граѓаните уште од 2019 година, при што биле спроведени повеќе инспекциски надзори, изготвени записници и донесени решенија во рамките на неговите законски надлежности.

По спроведен инспекциски надзор во 2019 година, на споменатиот правен субјект му било наложено да изработи Елаборат за заштита на животната средина, кој по неговото изготвување бил одобрен од надлежниот орган. По дополнителни пријави за непријатна миризба, биле извршени нови инспекциски надзори и биле спроведени лабораториски мерења на емисии на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи. Согласно доставените лабораториски извештаи од извшрени мерења и добиени резултати од Централна лабораторија за животна средина е констатирано дека емисионите концентрации не ги надминуваат законски пропишаните гранични вредности на емисии.

Во однос на можноста за изведба на вентилационен канал (оџак), утврдено е дека барањето на правниот субјект не било одобрено поради недоставување на согласност од потребното мнозинство сопственици во станбената зграда, како законски предуслов за реализација на таков зафат.

Дополнително, од доставената документација произлегува дека на ден 02.04.2026 година во просториите на Општина ------ била одржана работна средба помеѓу претставници на Општина ------, претставници на станарите од ул. „-------" бр. 206 и управителот на правниот субјект. На средбата биле донесени заклучоци со цел изнаоѓање решение за проблемот со непријатната миризба, при што било договорено правниот субјект да поднесе барање за согласност за изведба на вентилационен канал на заедничката фасада на објектот, а управителот на станбената заедница да организира состанок на станарите за разгледување на барањето. Притоа било констатирано дека за реализација на ваков зафат е неопходна согласност од законски пропишаното мнозинство сопственици во

станбената зграда, која до моментот на доставување на информациите не била обезбедена.

Од доставената документација, исто така, произлегува дека по предметниот случај постапувале и други надлежни органи и институции, вклучително и второстепени органи и судови. Во таа насока, со Пресуда бр. XXXII П1------ од 13.02.2025 година, Основниот граѓански суд Скопје го одбил како неосновано тужбеното барање поднесено против правниот субјект ------- поради наводно вознемирување на правото на сопственост.

Целосна инспекциска постапка водена од страна на општинскиот инспектор за животна средина, доставена е до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постпака за овој правен субјект, одлучено е мериторно- запрена постпака.

Поради сето горе наведено, ДКСК оцени дека во пријавениот случај постапувале повеќе инстититиции (општинскиот инспектор за животна средина, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка во работен однос во втор степен, Основниот граѓански суд) кои постапувале во рамките на своите закнски надлежности и презеле мерки и активности, па оттаму одлучи дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О, советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата